# ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕВОЗНИЦИ НА ЖИВОТНИ, ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПРЕВОЗ НАМЕНЕТИ ЗА ДОЛГИ ПАТУВАЊА И ДОБИВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА КОМПЕТЕНТНОСТ НА ВОЗАЧОТ И НАДЗОРНИЦИТЕ НА ПАТУВАЊЕТО

1. **Услови за издавање на одобрение за превозници кои вршат превоз на животни за кратки патувања , комерцијалните превозници за кратки патувања (превезуваат животни подолго од 65 километри во еден правец, а времетраењето на патувањето е пократко од 8 часа).**

Превозникот кој врши превоз за кратки патувања поднесува барање до Агенцијата за храна и ветеринарство.

Барањето треба да ги содржи најмалку следниве податоци:

- Назив на подносителот на барањето;
- Адреса на седиштето на подносителот на барањето;
- Единствен матичен број на субјектот и единствен даночен број на правното лице;
- Име и презиме, ЕМБГ, адреса, телефон, електронска пошта на овластеното лице за застапување на субјектот;
- Име и презиме, ЕМБГ, адреса, телефон, електронска пошта на одговорното лице и
- Вид на животни за кои се планира превоз.

Кон барањето превозниците треба да ја достават и следната документација:

- Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија не постар од шест месеци;
- Уплатница за административна такса во износ од 50 денари согласно Законот за административни такси;
- Уплатница за издавање на одобрение на превозници на животни во износ од 1.500,00 ( илјада и петстотини денари) согласно Одлуката за висина на надоместоците за активности на заштита и благосостојба на животните како и начин на нивна наплата (Службен весник на Република Македонија, бр.112/18);
- Важечко уверение за компетентност на возачот и надорникот на патувањето (го издава овластен субјект од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство-Центарот за благосостојба на животните при Факултетот за ветеринарна медицина Скопје);
- Пишани стандардно оперативни процедури во поглед на заштита и благосостојба на животните;

- Доказ за сопственост или договор за изнајмување на превозните средства и нивна идентификација (валидна сообраќајна дозвола);
- Список на превозни средства и опрема со главни технолошко- технички карактеристики и
- Доказ дека на превозникот не му е изречена прекршочна санкција или мерка за сериозно нарушување на одредбите од Законот за заштита и благосостојба на животните во последниве три години.

Превозното средство за кратки патувања ќе биде контролирано од страна на официјален ветеринар.
Превозниците кои вршат превоз на живи животни за кратки патувања треба да поседуваат најмалку едно превозно средство и имаат најмалку еден возач или надзорник на патувањето со валидно уверение за компетентност.

2. **Услови за одобрување на превозници кои вршат превоз на животни на долги патувања (времетраењето на патувањето е подолго од осум часа)**

Превозникот кој врши первоз за долги патувања поднесува барање до Агенцијата за храна и ветеринарство.

Барањето треба да ги содржи најмалку следниве податоци:

– Назив на подносителот на барањето;
– Адреса на седиштето на подносителот на барањето;
– Единствен матичен број на субјектот и единствен даночен број на правното лице;
– Име и презиме, ЕМБГ, адреса, телефон, електронска пошта на овластеното лице за застапување на субјектот;
– Име и презиме, ЕМБГ, адреса, телефон, електронска пошта на одговорното лице и
– Вид на животни за кои се планира превоз.

Кон барањето превозниците треба да ја достават и следнава документација:

- Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија не постар од шест месеци;
- Уплатница за административна такса во износ од 50 денари согласно Законот за административни такси;
- Уплатница за издавање на одобрение на превозници на животни во износ од 1.500,00 ( илјада и петстотини денари) согласно Одлуката за висина на надоместоците за активности на заштита и благосостојба на животните како и начин на нивна наплата (Службен весник на Република Македонија, бр.112/18);
- Приказ на организацијата на работата и биланс на работна сила;

- Важечко уверение за компетентност на возачот и надорникот на патувањето (го издава овластен субјект од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство-Центарот за благосостојба на животните при Факултетот за ветеринарна медицина Скопје);
- Сертификат (одобрение) за превозното средство;
- Пишани стандардни оперативни процедури во поглед на заштита и благосостојба на животните;
- Пишани планови за итни и вонредни мерки;
- Список на превозни средства и опрема со главни технолошко- технички карактеристики вклучувајќи го навигацискиот систем и
- Доказ дека на превозникот не му е изречена прекршочна санкција или мерка за сериозни нарушување на одредбите од Законот за заштита и благосостојба на животните во последните три години.

Комерцијалните превозници за долги патувања, покрај одобрението за превозници за долги патувања, неопходно е да **поседуваат и одобрение и за превозното средство (сертификат за превозното средство),** документи кои ги издава Агенцијата за храна и ветеринарство, врз основа на контрола на документација и извршена контрола на самото превозно средство од страна на стручна комисија од Агенцијата за храна и ветеринарство. Превозниците кои вршат превоз на живи животни за долги патувања треба да поседуваат најмалку едно превозно средство и имаат најмалку еден возач или надзорник на патувањето со валидно уверение за компетентност.

3. **Издавање на одобрение за средството за превоз на животни за долги патувања.**

Барањето треба да ги содржи најмалку следниве податоци :

- Назив на подносителот на барањето;
- Адреса на седиштето на подносителот на барањето, телефон, факс,електронска пошта;
- Единствен матичен број на субјектот и единствен даночен број на правното лице;
- Име и презиме, ЕМБГ, адреса, телефон, електронска пошта на овластеното лице за застапување на субјектот;
- Име и презиме, ЕМБГ, адреса, телефон, електронска пошта на одговорното лице и
- Вид на животни за кои се планира превоз.

Кон барањето превозниците треба да ја достават и следнава документација:

- Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија не постар од шест месеци;
- Уплатница за административна такса во износ од 50 денари согласно Законот за административни такси;
- Уплатница за издавање на сертификат за превозно средство во износ од 10.000,00 (десет илјади денари) согласно Одлуката за висина на надоместоците за активности на заштита и благосостојба на животните како и начин на нивна наплата (Службен весник на Република Македонија, бр.112/18);
- Доказ дека превозните средства не се предмет на барање поднесено до или одобрено од друг надлежен орган од друга држава;
- Список на превозни средства и доказ за сопственост или договор за изнајмување на превозни средства и нивна идентификација (валидна сообраќајна дозвола); и
- Список на опрема и превозни средства со главни технолошко- технички спецификации.

4. **Издавање на уверение за компетентност на возачите и надзорниците на патувањето.**

   Уверението за компетентност на возачите и надзорниците на патувањето го издава овластен субјект од Агенцијата за храна и ветеринарство. Во Република Македонија во овој момент единствен овластен субјект за издавање на уверението за компетентност е Факултетот за ветеринарна медицина Скопје-Центар за благосостојба на животните (Ул. "Лазар Поп-Трајков" 5-7, Скопје). Повеќе информации може да се добијат на веб страницата на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје: www.fvm.ukim.edu.mk или на телефонскиот број: + 389 2 3240 700 локал 761 Раководител на центарот за благосостојба на животните Проф д-р Влатко Илиески.